**20260300446**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа член на 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година во вкупен износ од 70.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 253/25) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Програма 2 – Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 2Б Финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, Ставка 464 - разни трансфери во износ од 40.000.000,00 денари и Ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 30.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 12.700.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | 43.000.000,00 |
| 3. | Техничка поддршка | 500.000,00 |
| 4. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2022, 2023, 2024 и 2025 година | 13.800.000,00 |
| | Вкупно | 70.000.000,00 |

II

(1) Средствата од дел I точка 1 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во рибарството во вкупен износ од 12.700.000,00 денари ќе се користат за реализација на следните активности:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
| | Мерка | Опис | Средства |
| 1.1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовните зони од риболовно подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка | 100% од прифатливи трошоци | 5.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за порибување на риболовната зона Дојранско езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 500.000,00 |
| 1.3. | Финансиска поддршка за порибување на риболовната зона Преспанско езеро со подмладок од крап | 100% од прифатливи трошоци | 500.000,00 |
| 1.4. | Финансиска поддршка за доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети - мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 500.000,00 |
| 1.5. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 600.000,00 |
| 1.6. | Мониторинг на популација на Европската јагула (*Anguilla anguilla*) во сливното подрачје на реката Црн Дрим | 100% од прифатливи трошоци | 300.000,00 |
| 1.7. | Реставрација на зимовници за плашица (*Alburnus scoranza*) | 100% од прифатливи трошоци | 300.000,00 |
| 1.8. | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води | 100% од прифатливи трошоци | 800.000,00 |
| 1.9. | Финансиска поддршка за организација на светско првенство во спортски риболов на крап 2026 година | 100% од прифатливи трошоци | 2.500.000,00 |
| 1.10. | Финансиска поддршка за изведување на вештачки мрест и порибување на риболовните зони во Струшкиот дел од риболовно подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка | 100% од прифатливи трошоци | 1.700.000,00 |
| | Вкупно | | 12.700.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 1.1. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовните зони од риболовното подрачје „Охридско езеро“ со подмладок од охридска пастрмка.

(3) Средствата од став (1) потточки 1.2. и 1.3. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за порибување на риболовните зони „Дојранско езеро“ и „Преспанско езеро“ со подмладок од крап.

(4) Средствата од став (1) потточка 1.4. на овој дел се наменети за доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети за производство на репродуктивен и порибителен материјал во регистрираните мрестилишта и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- изградба и обновување на рибни базени - градежни работи;
- обновување на мрестилишна сала - градежни и занатски работи;

- обновување и опремување на рибни базени;
- набавка и инсталирање на опрема (филтри, апарати за аерација, UV стерилизатори, заштитни мрежи и друга потребна опрема);
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и /или подигнување нови базени, кади, матични базени, одгледувалишта, растилишта и младичници;
- набавка на градежни метеријали и елементи за конструкција наменети за инкубациска сала и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба мрестилишта;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на жива риба;
- набавка на опрема за аерирање на вода;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер;
- набавка и инсталирање на опрема за следење на хемиски карактеристики на вода;
- набавка на агрегат за струја и
- набавка на пумпи за вода на течни горива.

(5) Средствата од став (1) потточка 1.5. на овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 ноември 2025 година до 30 септември 2026 година.

(6) Средствата од став (1) потточка 1.5. на овој дел ќе се користат за надомест на направени трошоци и тоа за:

- услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице;
- набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот/корисникот или даден на користење на концесионерот/корисникот;
- набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот/корисникот и
- изнајмување на пловни објекти од трети лица.

(7) Средствата од став (1) потточка 1.5. на овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, не треба да го надминат износот од:

- 50. 000,00 денари – за заштита на рекреативни зони/риболовни ревири и
- 200.000,00 денари – за заштита на риболовни зони.

(8) Средствата од став (1) потточка 1.6. на овој дел се наменети за надомест на трошоци за реализирање на активности за мониторинг на популацијата на Европската јагула во 2026 година.

(9) Средствата од став (1) потточка 1.7. на овој дел се наменети за реализирање на активности за реставрација на зимовници за плашица на Охридското Езеро во 2026 година.

(10) Средствата од став (1) потточка 1.8. на овој дел се наменети за отстранување на рибарски алат - мрежи од риболовното подрачје „Охридско езеро“.

(11) Средствата од став (1) потточка 1.9 на овој дел се наменети за надомест на трошоци за дополнително порибување на акумулацијата „Мавровско Езеро“ со крап. Дополнителното порибување се врши заради исполнување на меѓународните стандарди за одржување на натпревари од ваков тип.

(12) Средствата од став (1) потточка 1.10. се наменети за изведување на вештачки мрест и порибување на риболовните зони во Струшкиот дел од риболовното подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка во 2026 година.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.1. и 1.10. на овој дел се регистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал исклучиво за диви ахтони видови риби и други водни организми кои го населуваат и живеат во Охридското езеро.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.2. и 1.3. на овој дел се регистрирани мрестилишта за производство на порибителен материјал од диви автохтони видови риби и други водни организми.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.4. на овој дел се регистрирани мрестилишта за производство на порибителен материјал од диви автохтони видови риби и други водни организми и регистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал исклучиво за диви ахтони видови риби и други водни организми кои го населуваат и живеат во Охридското езеро.

(16) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.5. на овој дел се концесионерите/корисниците на рибите и други водни организми.

(17) Корисниците на мерката од став (1) потточка 1.5. на овој дел може да користат средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов.

(18) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.6. и 1.8. на овој дел се научни и/или образовни институции од областа на рибарството и аквакултурата.

(19) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.7. на овој дел се концесионерите/корисниците на рибите и другите водни организми за вршење комерцијален риболов на риболовните зони од риболовното подрачје „Охридско езеро“.

(20) Корисник на средствата од став (1) потточка 1.9. на овој дел е Македонската риболовна федерација.

III

(1) Средствата од дел I точка 2 од оваа програма наменети за финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби во вкупен износ 43.000.000,00 денари ќе се користат за:

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 60% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 12.000.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 50% од пазарната цена на подмладокот | 25.000.000,00 |
| 2.3. | Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 6.000.000,00 |
| | Вкупно | | 43.000.000,00 |

(2) Средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел за инвестиции во аквакултурата се наменети за:

- изградба на нови капацитети за аквакултура и
- проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постоечките капацитети за аквакултура.

(3) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за инкубациска сала и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;
- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во рибници;
- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;
- набавка на ледомати;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;
- набавка на опрема за автоматско или полу автоматско сортирање на риба;
- набавка на опрема наменета за заштита на производството во аквакултура од штетници (видра, корморан, мечка);
- апарати за додавање на течен кислород во водата;
- товарно возило со кабина и отворен товарен простор со носивост до 3000 kg;
- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000 kg;
- цистерна до два тона вода, опрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород - распрскувачи, манометри, челични боци за складирање на кислородот или специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба;
- специјализирани товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 3000 kg;
- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 m и ширина до 2.5 m, со јачина на мотор до 9 kw;
- набавка на опрема за пратење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглероден диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.);
- набавка и монтажа на градежни материјали и опрема за производство на обновливи извори на енергија;
- набавка на агрегат за струја до 50 kw и

- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за прифатливи инвестиции од став (1) потточка 2.1. од овој дел по поединечен корисник изнесува најмногу 720.000,00 денари за поднесени барања со вкупна вредност на инвестиции до 1.200.000,00 денари.

(5) Средствата од став (1) потточка 2.2. на овој дел се наменети за набавка на подмладок или за сопствено произведен подмладок за насадување на рибниците во периодот од 10 февруари до 31 мај 2026 година и од 1 јули до 31 октомври 2026 година.

(6) Висината на вредноста на поддршката за еден килограм купен или сопствено проезведен подмладок од став (1) потточка 2.2. на овој дел изнесува:

- речна пастрмка - 1.200,00 денари,
- охридска пастрмка - 2.000,00 денари,
- виножитна пастрмка - 600,00 денари,
- крап - 250,00 денари и
- сом - 500,00 денари.

Висината на вредноста претставува 50% од просечната цена на подмладокот во 2025 година.

(7) Средствата од став (1) потточка 2.2. на овој дел се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 3.500 kg – 100% од висината на вредноста на поддршката;
- за купен или сопствен подмладок од 3500 kg до 7000 kg – 75% од висината на вредноста на поддршката;
- за купен или сопствен подмладок од 7000 kg до 9000 kg – 50% од висината на вредноста на поддршката и
- за купен или сопствен подмладок над 9000 kg – 25% од висината на вредноста на поддршката.

(8) Средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел можат да бидат наменети за:

- изградба на нови капацитети за преработка на рибите и
- набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите.

(9) Средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

(10) Средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите, можат да бидат наменети за:

- прием и чистење на рибата;
- обескостување и филетирање;
- димење (топло и/или ладно) на рибата;
- пакување и вакумирање на риба;
- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема вклучително и софтвер.

(11) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за прифатливи инвестиции од став (1) потточка 2.3. од овој дел по поединечен корисник изнесува најмногу 1.500.000,00 денари за поднесени барања со вкупна вредност на инвестиции до 3.000.000,00 денари.

(12) Средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел кои се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции можат да се зголемат во следниве случаи:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје и
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел, наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура, или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. на овој дел наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои се запишани во Регистарот на вршители на аквакултура што се води во Министерството. Барателите на средства кои користеле средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарство и аквакултура по мерката 2.1. за една намена во една од претходните пет години не можат да бидат корисници на финансиска поддршка за инвестиции од мерката 2.1 за иста намена.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.2. на овој дел се регистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал за аквакултура кои немаат увезено подмладок и/или жива риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година од видот риба за кој е издадено решение за регистрација на мрестилиште, за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот, како и субјекти запишани во Регистарот на вршители на аквакултура што се води во Министерството кои имаат купено подмладок од регистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал за аквакултура и кои немаат увезено подмладок и жива риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година. Регистрираните мрестилишта за одделен вид риба не може да користат финансиски средства за набавен подмладок, доколку имаат продадено подмладок од истиот вид риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година.

(16) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитет.

(17) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.3. на овој дел наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби.

IV

(1) Средствата од дел I точка 3 од оваа програма наменети за техничка поддршка во износ од 500.000,00 денари, ќе се користат за подготвителни, административни и технички активности, активности за следење, процена и ревизија од областа на рибарството и

аквакултурата кои се однесуваат на размена на информации, зголемување на соработката и подигнување на свеста во државата, како и за мерки и активности за изработка на Повеќегодишен национален стратешки план за аквакултура.

(2) Корисник на средствата од став (1) на овој дел е Министерството.

V

Средствата од дел I точка 4 од оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од изминантите години (2022, 2023, 2024 и 2025 година) во износ од 13.800.000,00 денари.

VI

(1) Барањата за склучување на договор за порибување на риболовното подрачје Охридско езеро од дел II став (1) потточка 1.1. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 31.8.2026 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставува Програма за изведување на вештачки мрест и порибување на риболовните зони од риболовното подрачје „Охридско езеро“.

(2) Барањата за склучување на договори за порибување на риболовните зони „Дојранско езеро“ и „Преспанско езеро“ од дел II став (1) потточки 1.2. и 1.3. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 30.4.2026 година. Кон барањето за склучување на договорот се доставуваат Програми за изведување вештачки мрест и порибување на риболовните зони „Дојранско езеро“ и „Преспанско езеро“ во 2026 година.

(3) Барањата за склучување на договор за следење на состојбата на популацијата на јагула во Сливот на Реката Црн Дрим, за реставрација на зимовници за плашица на Охридското Езеро, за отстранување на мрежи и останат рибарски алат од риболовното подрачје „Охридско езеро“ и за организација на светско првенство во спортски риболов на крап 2026 година од дел II став (1) потточки 1.6., 1.7., 1.8. и 1.9. се доставуваат до Министерството најдоцна до 15.3.2026 година. Кон барањата за склучување на договорите се доставуваат Програми за следење на состојбата на популацијата на јагула во Сливот на Реката Црн Дрим за 2026 година, за мерки за реставрација на зимовници за плашица за 2026 година и за отстранување на рибарски алат-мрежи од риболовното подрачје „Охридско езеро“ со активности за 2026 година.

(4) Барањата за користење средства од дел II став (1) потточки 1.1., 1.2., 1.3., 1.6., 1.7. 1.8. и 1.9. од оваа програма се поднесуваат до Министерството најдоцна до 15.12.2026 година.

(5) Барањата за користење на средства од дел II став (1) потточки 1.4. и 1.5. и дел III став (1) од оваа програма се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик.

(6) Барањата за изведување на вештачки мрест и порибување на риболовните зони во Струшкиот дел од риболовно подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка се доставуваат до Министерството најдоцна до 28.2.2026 година.

VII

(1) Исплатата на средства од дел II став (1) потточка 1.1. 1.2. и 1.3. и 1.9. од оваа програма се врши веднаш по доставено известување од Министерството до Агенцијата за извршените порибувања на барање поднесено од регистрирано мрестилиште и од Македонската риболовна федерација за извршено порибување за организација на светско првенство во спортски риболов на крап во 2026 година. Исплатата не средствата се врши по фази утврдени во Договорот за порибување. Средствата предвидени за првата фаза не треба да надминат 50% од вкупните средства.

Министерството во прилог на известувањето до Агенцијата за првата фаза доставува Договор, а во прилог на известувањето за реализација на втората фаза доставува извештај за порибувањето, изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство за извршеното порибување, сертификат за здравствена состојба на животните издаден од ветеринарно друштво, записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар, финансиски извештај за реализација на порибувањето и докази за реализирани средства.

(2) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.4. и дел III потточки 2.1. и 2.3 од оваа програма се врши врз основа на одобрени барања за исплата по реализиран јавен повик од Агенцијата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма. Во Јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Финансиските средства ќе се исплаќаат авансно, за потточката 1.4. најмногу до 80% од вкупната вредност на одобрениот износ, а за потточките 2.1. и 2.3. од дел II став (1) од оваа програма, најмногу до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ.

(3) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.5. и дел III став (1) потточка 2.2. се врши врз основа на доставено барање со потребна документација по реализиран јавен повик од Агенцијата. Во Јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(4) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточки 1.5. од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа за:

- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2025 до 20 март 2026 година;
- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април до 15 јули 2026 година;
- набавена опрема за видео надзор и
- изведени акции за чистење на препреки и отстранување на тврдиот отпад од и до риболовните води.

(5) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.6., 1.7, 1.8. од оваа програма се врши веднаш по доставено известување од Министерството до Агенцијата по претходно склучен Договор. Исплатата на средства се врши авансно во висина од 100% со потпишување на Договорите, кои Министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето.

(6) Исплатата на средствата од дел II став (1) потточка 1.10. од оваа програма се врши во висина од 100% веднаш по доставено известување од Министерството до Агенцијата за претходно склучен Договор за изведување на вештачки мрест и порибување во 2026 година.

(7) Исплатата на средствата од дел III став (1) потточка 2.2. од оваа програма за насадување на рибниците со подмладок се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за насадени рибници во периодот од 10 февруари до 31 мај 2026 година и
- за насадени рибници во периодот од 1 јули до 31 октомври 2026 година.

(8) Исплатата на средствата од дел IV став (1) од оваа програма се врши врз основа на известувања за исплата кое Министерството го доставува до Агенцијата, најдоцна до 20 декември 2026 година.

(9) Висината на финансиската поддршка по корисник за дел II став (1) потточки 1.1., 1.2., и 1.3. од оваа програма се определува во зависност од планираната количина порибителен материјал наменет за порибување.

(10) Контролите на барањата за користење на средства, барањата и известувањата за исплата кои се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавениот јавен повик, како и контролите на лице место ги врши Агенцијата.

VIII

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата на трансакциски или жиро сметки на барателите, согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

IX

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

X

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-711/8
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.